**КРАТКО РЕЗИМЕ**
**на Заклучокот на Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување постапка за оценување на постоење злоупотребена државна помош (предмет бр. 10-81)**

## 1. Опис на помошта

Предмет на постапката е државна помош доделена од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на Друштво за производство и трговија АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор за доделување на државна помош бр. 13-1641/1 од 21.12.2022 година.
Државната помош е одобрена со Решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.10-146 од 25.11.2022 година за реализација на вториот инвестициски проект во ТИРЗ „Скопје 1“, под услов корисникот на државната помош да инвестира најмалку 11.354.521 евра како оправдани инвестициски трошоци во Зоната, да вработи 150 македонски државјани до датумот на завршување на инвестицискиот проект (31.12.2025 година), како и да ја одржи инвестицијата и работењето, односно да ги одржи пополнети вкупниот број на работните места за кои примил државна помош, во период од најмалку пет години од датумот на завршување на вториот инвестициски проект.

## 2. Прелиминарна оцена на Комисијата во однос на карактерот на помошта

Врз основа на прибраната документација, податоците доставени од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Комисијата прелиминарно оцени дека постојат индиции дека предметната државна помош можеби е користена спротивно на условите под кои е дозволена и доделена.
Комисијата прелиминарно оцени дека постојат индиции за можна злоупотребена државна помош во смисла на член 4 став (6) од Законот за контрола на државната помош, согласно кој злоупотребена помош е секоја помош доделена спротивно на решението со кое се дозволува доделувањето на државната помош.

## 3. Причини поради кои постојат сериозни сомневања за постоење злоупотребена државна помош

До Комисијата за заштита на конкуренцијата од страна на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, како давател на државна помош, беше доставено известување во врска со државната помош исплатена на Друштвото за производство и трговија АПТИВ СЕРВИСЕС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и исполнувањето на условите утврдени со Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 10-146 од 25.11.2022 година.
Од проследените информации од страна на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони е констатирано дека не се исполнети условите утврдени во Решението на

Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.10-146 од 25.11.2022 година, врз основа на кои е дозволено доделувањето на предметната државна помош.
Врз основа на доставената документација, Комисијата оцени дека постојат сериозни сомневања дека корисникот не ги исполнува условите под кои е дозволена и доделена предметната државна помош, поради што постојат основани индиции за постоење злоупотребена државна помош.

**4. Повик до заинтересираните лица**

Комисијата за заштита на конкуренцијата ги повикува сите заинтересирани лица да достават коментари, забелешки и мислења во писмена форма во врска со предметната постапка.
Коментарите, забелешките и мислењата може да се достават до Комисијата за заштита на конкуренцијата на адреса:
**ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје** или
по електронски пат на: **kzk@kzk.gov.mk**
во рок од **30 дена од денот на објавувањето на ова кратко резиме** на веб-страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.
Доколку заинтересирано лице побара неговиот идентитет да не биде откриен поради можност од настанување штета, Комисијата нема да го открие неговиот идентитет согласно важечките прописи.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
Скопје, 14 септември 2026 година